# БАРОМЕТАР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ



МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Проектот „Од норма до пракса“ го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот е финансиски поддржан од Програмата ПРОГРЕС (2007-2013) на Европска Унија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

МЦМС

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Димче Митрески, извршен директор

**Автори**
Јасмина Михаиловска
Миша Поповиќ

**Лектура**
Даниел Медароски

ISBN 978-608-4681-22-9

Скопје,  ноември 2013 г.

**Контакт**
МЦМС, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел. +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

*Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската Унија за потребите на проектот „Од норма до пракса“, во рамките на Програмата за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС 2007-2013. Содржините на публикацијата се одговорност на авторите и на ниту еден начин не ги одразуваат погледите на Европската Унија и на Македонскиот центар за меѓународна соработка.*

*Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.*

*Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.*

# Барометар за еднакви можности

# Содржина


ВОВЕД ..... 5
Прашалник ..... 5
Методологија ..... 6
Обработка и прикажување на резултатите ..... 6

ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ ..... 8

РЕЗИМЕ ..... 9

1. ПЕРЦЕПЦИЈА НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ..... 11
1.1. Перципирано ниво на дискриминација ..... 11
1.2. Прифаќање на разликите ..... 15

2.ИСКУСТВА СО ДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 21
2.1. Искуство со повеќекратна дискриминација ..... 24

3.БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ..... 25

4.ПОЗНАВАЊЕ НА ПРАВАТА ..... 29

ПРИЛОЗИ ..... 37
Прашалник ..... 37
Примерок ..... 44

ПРОФИЛ НА МЦМС ..... 45

ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ ..... 46
Библиографија ..... 46
Како да се референцира ..... 46

# Вовед

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата **„Барометар за еднакви можности“,** која беше спроведена по втор пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Македонија.

**Целта на истражувањето беше да се испита перцепцијата на граѓаните**.

МЦМС ѝ ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на истражувачката куќа М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

Истражувањето е спроведено со телефонска анкета во домаќинствата во септември 2013 година на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници.

## Прашалник

Прашалникот беше подготвен врз основа на прашалниците од слични анкети на МЦМС, како и врз основа на **глобалните истражувања за еднаквост и/ или дискриминација**.

**За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните теми:**

1. Перцепции за застапеност на секоја од видовите дискриминација, истовремено споредувајќи ја состојбата со ситуацијата пред 5 години;

2. Искуство со дискриминација – лично доживеана дискриминација и сведочење на дискриминација кон трето лице;

3. Прифаќање на разликите – поставување себеси во околина на социјал**на разноликост и самоперцепција на припадност кон одреден малцинска група**;

4. Борба против дискриминација – постоечки мерки и поддршка на воведување нови мерки;

5. Познавање на правата и повикување на релевантни институции во случај на дискриминација.

## Методологија

Од 10 до 27 септември 2013 година, Македонскиот центар за меѓународна соработка МЦМС, во соработка со М-проспект ДОО – Скопје, го спроведе истражувањето „Барометар за еднакви можности – истражување за дискриминацијата“. Во истражувањето беше опфатена популација постара од 15 години во Р. Македонија. Користениот примерок е повеќефазен со случаен избор, земајќи ја предвид дистрибуцијата на населението според место на живеење во рурални и во урбани средини и етничката припадност. Истражувањето е спроведено телефонски, следејќи го правилото за најблизок роденден, што овозможува изборот на испитаници да биде случаен. За неостварен контакт со домаќинство или испитаник, вртено е по три пати на ист број. За потребите на телефонско истражување, М-проспект располага со база на телефонски броеви. За зголемување на веројатноста да се допре и до испитаници кои не користат фиксна телефонска линија (за користење фиксни телефонски линии постои тренд на намалување), 20 % од испитаниците се добиени на мобилен телефон. Интервјуата беа спроведени од добро обучени искусни анкетари на македонски и на албански јазик . Контролата на квалитетот на истражувањето е извршена според стандарните процедури на М-проспект, Скопје.

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. **Податоците се со веројатност на точност од** 95 % и со грешка од +/- 5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и други помалобројни социо-демографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок. Поради концизност, за етничките Македонци се користи поимот Македонци, а за етничките Албанци се користи поимот Албанци.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

Незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Наодите од ова истражување, каде што беше можно заради слични/ идентични прашања, се споредувани со резултатите од слично истражување спроведено во 2009 година (Бешка-Петроска, , Најчевска, 2009). Повикувањето (референцирањето) на податоците од тоа истражување е правено со споменување на годината (2009).

# Термини и дефиниции

Во извештајот се користат термини и дефиниции опфатени во Поимникот на изрази поврзани со дискриминацијата (Најчевска, Кадриу, 2008).

Дискриминацијата подразбира секое разликување, исклучување, ограничување или нееднакво постапување или непостапување, мотивирано од одредени минати, сегашни или идни основи, а кое има за цел или резултира со оневозможување или отежнување на признавањето, уживањето или практикувањето на сите права и слободи од страна на сите лица врз еднаква основа, односно ставање во понеповолен третман на едно лице во однос на друго лице во слична ситуација.

Вознемирувањето подразбира несакано однесување поврзано со некои од основите на дискриминација, независно од тоа дали се манифестира на физички, вербален или друг начин, кое е насочено или има за цел повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, деградирачка, навредлива или заплашувачка средина, пристап или практика.

Стигма/ стигматизацијата е непосакувана или дискредитирачка особина која се придава на лице или група луѓе насочени кон снижување на статусот на лицето или групата во очите на заедницата.

Толеранцијата е способност да се прифатат и да се почитуваат уверувањата и општествените вредности на други лица или групи луѓе.

Под дискриминација се подразбира нееднаков третман на луѓето, односно поинакво постапување со луѓето само затоа што се женски или машки, припадници на определена етничка група или заедница, имаат определена вероисповед, се хендикепирани и слично. Нееднаквиот третман може да биде видлив, како на пример кога намерно се објавува оглас за работа во кој се наведува дека се бараат работници од одредена етничка група или само машки. Исто така нееднаквиот третман може да биде прикриен, како на пример кога би се одржувало тестирање за работа на религиозен празник заради што нема да можат да присуствуваат припадници на една вероисповед.

# Резиме

Според резултатите од истражувањето спроведено во 2013 година, перцепцијата за постоење дискриминација е сѐ уште далеку пораширена од перцепцијата дека дискриминацијата отсуствува. Форми на дискриминација за кои се тврди дека најмалку отсуствува се дискриминацијата по однос на партиска припадност и сексуална ориентација. Тврдењето дека дискриминација по основ на сексуална ориентација отсуствува бележи најголем пад споредено со истражувањето во 2009 година. И во новото истражување, перцепцијата за постоење на дискриминацијата по основ на партиската припадност е најраспространета по која следува онаа по основ на етничка припадност.

Мнозинство од оние кои дале одговор мислат дека дискриминацијата според партиска и етничка припадност се зачестени во споредба со состојбата пред пет години. Додека за овие две категории мнозинството е изразено, во помал обем истото тврдење е распространето и за дискриминација според возраст, сексуална ориентација и религиозна припадност. Од друга страна, мнозинство од оние кои дале одговор мислат дека дискриминацијата по основ на хендикеп и пол е намалена.

Истражувањето покажува дека граѓаните се релативно толерантни на живеење во соседство од различни групи. Исклучок од ова е имањето сосед хомосексуалец, каде просечната оценка на комоција е 4 на скалата од 1 до 9. Најголема толеранција се покажува кон соседи со хендикеп или од друга политичка партија.

Резултатите покажуваат дека граѓаните имаат најмногу проблеми со тоа на власт да дојде личност со хомосексуална ориентација. За сите други категории на лица, степенот на прифатливост е далеку повисок. Највисоко ниво на прифатливост е забележано за жени, а во нешто помал обем се изразува прифатливоста за лица од различна етничка и религиска припадност, како и лица со хендикеп.

Анализата на добиените податоци укажува на тоа дека повеќе од три четвртини од испитаниците не почувствувале или не виделе дискриминација. Пропорцијата на оние кои доживеале дискриминација е помала од оние кои се нашле во улога на сведок. Испитаниците покажуваат тенденција помалку да препознаваат такво однесување доколку е упатено кон нив. Споредено со минатото истражување (2009), ваквата состојба коинцидира со добиените резултати тогаш. Партиската припадност исто како во 2009 г., така и сега е на првото место како причина за дискриминација, без разлика дали станува збор за лично искуство или за сведочена дискриминација. Споредено со

истражувањето од  2009 година, кај повеќето видови дискриминација постои тенденција на намалување и во однос на доживување и во однос на сведочење.

Постои поврзаност помеѓу перцепцијата за инциденца и преваленца на дискриминација по одреден основ и искуството со истата. Прашањето кое се наметнува е дали перцепцијата за постоење дискриминација е последица на личното искуство со истата или обратно, оние кои се почувствителни во однос на дискриминациски однесувања, ваквите однесувања полесно ги препознаваат кога се насочени кон нив или кон некој друг.

Испитаниците се спремни да ја дадат својата поддршка за воведување специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите лица. Поддршката незначително малку се намалува кога станува збор за сексуална ориентација и еднакви можности за вработување.

Вложување во искоренување на дискриминацијата е многу малку видливо за испитаниците. Повеќе од половина не гледаат дека постои вложување, односно истото го сметаат за недоволно. Ова е поврзано со перцепцијата за постоење дискриминација, оние кои сметаат дека истата постои, не гледаат напори таа да се искорени. Слично, оние кои доживеале или сведочеле дискриминација, не препознаваат доволно вложување во намалување на истата.

Половина од испитаниците се изјаснуваат дека ги познаваат правата во случај на дискриминација. Со зголемување на степенот на образованието, постои тенденција испитаниците повеќе да се изјаснуваат дека ги знаат. Вака високиот степен треба да се гледа со внимание, земајќи предвид колку всушност станува збор за теоретско познавање, настрана од познавањето на постоечките законски регулативи. Соочувањето со дискриминација од кој било вид е поврзано со повисок степен на познавање на правата. Повторно се наметнува прашањето дали познавањето на правата е последица на искуството со дискриминација или оние кои се повеќе запознаени со правата, полесно ја препознаваат истата.

Најголем број од испитаниците хипотетички би побарале заштита во случај на дискриминација, без разлика дали се изјасниле дека ги познаваат своите права или не.

Првоспомената институција каде би се обратиле е полицијата. Сепак, третина од испитаниците не знаат каде би се обратиле. Комисијата за заштита од дискриминација се јавува како првоспомената кај 8 % од испитаниците.

# 1. Перцепција на дискриминацијата

## 1.1. Перципирано ниво на дискриминација

Според резултатите од истражувањето спроведено во 2013 година, перцепцијата за постоење дискриминација е сè уште далеку пораширена од перцепцијата дека дискриминацијата отсуствува. Перцепцијата за отсуство на дискриминација е најмала за случаите на дискриминација по основ на партиска припадност (7 %) и сексуална ориентација (8 %), додека за другите категории таквата перцепција се појавува до 18 % од случаите. Во таа смисла, резултатите покажуваат слична состојба во споредба со истражувањето спроведено во 2009-тата година.

Најголем пад на ваквото мислење се забележува на прашањето за сексуална ориентација. Ваквото мислење во 2009-тата било забележано кај 15,7 % од испитаниците, додека во 2013 г. тоа паѓа на 8,5 %.

Слично како и во 2009-тата, и во последното истражување најраспространета е перцепцијата за дискриминација по однос на партиска припадност. За оваа категорија на дискриминација 78,2 % од испитаниците рекле дека е честа појава.

Според перцепциите на испитаниците, втора најраширена форма на дискриминација е онаа според етничка припадност и ваквото мислење е забележано кај 51 % од испитаниците кои мислат дека ова е честа појава.

Трета по ред категорија е дискриминацијата по основ на сексуална ориентација за која 46,3 % од испитаниците рекле дека е честа појава. Тоа што може да се забележи за оваа категорија е дека има значително поголем број на одговори „не знам“ (20,5 %), додека кај другите категории процентот на овој одговор не преоѓа 5,4 %. Доколку од пресметувањето се исклучат овие одговори, промената на резултатите е занемарлива кај другите категории, но процентот на испитаници кои сметаат дека дискриминацијата по основ на сексуална ориентација е честа појава се зголемува на 58,2 %.

Процентот на испитаници кои оцениле дека дискриминација по основ на хендикеп е честа појава изнесува 42 %, по основ на возраст е 39,8 %, а по основ на пол изнесува 36,5 %. Последната категорија е и единствената каде процентот на испитаници кои оцениле дека дискриминација поретко се случува и тој изнесува 44 %.

*Графикон 1.1. Присуство на форми на дискриминација во Република Македонија (во %)*




Вкрстувајќи ги резултатите според социодемографските карактеристики, може да се забележи дека честа појава на дискриминација според етничка припадност забележуваат Албанците повеќе од Македонците (80 % наспроти 43 %). Во однос на возрасните групи, тоа се забележува повеќе кај помладите групи (од 15 до 26 год. – 58 %), наспроти постарите (55 и постари – 45 %). Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (37 %) во помал обем сметаат дека постои таква дискриминација, наспроти симпатизерите на СДСМ (51 %), на ДУИ (77 %) и на ДПА (72 %). Во однос на местото на живеење, жителите од руралните средини во поголем обем сметаат дека има дискриминација отколку во урбаните (59 % наспроти 46 %) средини. Гледано регионално, оваа перцепција најмногу се забележува во полошкиот, во североисточниот, во југозападниот и во скопскиот регион, а најмалку во пелагонискиот и во источниот регион.

Честа појава на дискриминација според пол забележуваат жените повеќе од мажите (41 % наспроти 32 %). Истото е случај и според етнички групи, каде Албанците повеќе ја забележуваат од Македонците (48 %

наспроти 33 %), односно симпатизерите на СДСМ повеќе од ВМРО-ДПМНЕ (39 % наспроти 31 %).

Дискриминацијата според сексуална ориентација почесто ја забележуваат[1] симпатизерите на СДСМ (65 %) отколку од ВМРО-ДПМНЕ (57 %). Истото е случај со симпатизерите на ДУИ кои почесто ја забележуваат појавата отколку оние на ДПА (55 % наспроти 45 %).

Жените (43 %) почесто забележуваат дискриминација според возраст отколку мажите (37 %). Во однос на возрасните групи, појавата на дискриминација повеќе ја забележуваат постарите отколку помладите. Гледано според етнички групи, Албанците повеќе ја забележуваат оваа форма на дискриминација отколку Македонците – во овој случај кај македонските испитаници е забележано дека 19 % тврдат дека таква дискриминација не постои, за разлика од само 8 % од албанските испитаници.

Честа појава на дискриминација според религиозна припадност забележуваат помладите испитаници, во споредба со постарите, скоро две третини од етничките Албанци (63 %), наспроти една третина (33 %) од Македонците. Во однос на политичките партии, симпатизерите на СДСМ (42 %) во поголем обем ја забележуваат оваа појава отколку оние на ВМРО-ДПМНЕ (30 %). Гледано според местото на живеење, појавата повеќе се забележува кај испитаниците од руралните средини.

Дискриминацијата според хендикеп почесто ја забележуваат жените (44 %) отколку мажите (40 %). Половина од Албанците (51 %) сметаат дека ваквата форма на дискриминација е честа, додека таквото тврдење е присутно кај 39 % од Македонците. Симпатизерите на ДУИ (51 %) и на СДСМ (50 %) во поголем обем сметаат дека оваа дискриминација е честа отколку оние на ДПА (43 %) и на ВМРО-ДПМНЕ (33 %).

Симпатизерите на сите партии сметаат дека дискриминацијата според партиска припадност е честа. Две третини од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ мислат така. Ваквата дискриминација во уште поголем обем ја забележуваат симпатизерите на другите партии (85 % и повеќе во рамките на секоја од подгрупите).

Испитаниците исто така беа прашани да оценат дали по секоја од основите за дискриминација би рекле дека се зачестени или поретки во споредба со пред пет години.

И во 2013 година испитаниците сметаат дека дискриминацијата по основ на партиска припадност е позачестена во споредба со минатите пет години. Во ова истражување, 70 % од испитаниците рекле дека ваквата дискриминација е зачестена.

1 Во прегледот по овој индикатор исклучени се одговорите „не знам“.

За мнозинство од испитаниците (56 %) дискриминацијата по етничка основа е зголемена во последните пет години. Скоро половина од испитаниците, односно 49 % сметаат дека дискриминацијата по основ на возраст е зголемена во однос на состојбата пред пет години.

Исто како и на првото прашање, процентот на оние кои одговориле со „не знам“ во делот за дискриминација по основ на сексуална ориентација е значително поголем од другите делови и изнесува 16 %. Од оние кои дале одговор на прашањето, 48 % од испитаниците рекле дека е зачестена. Во сличен обем, односно 48 % од испитаниците сметале дека дискриминацијата по основ на религија е зачестена во споредба со состојбата од пред пет години.

Испитаниците сметаат дека постои намалување на дискриминацијата по основ на пол и инвалидитет. Резултатите покажуваат дека 51 % од испитаниците сметаат дека дискриминација по основ на инвалидитет е намалена во споредба со ситуацијата од пред пет години, а 49 % сметаат дека постои намалување на дискриминација според пол.

*Графикон 1.2. Зачестеност на различните форми на дискриминација во Македонија сега, споредено со ситуацијата од пред пет години (во %)*



Зачестеност на дискриминација по основ на етничка припадност во однос на состојбата од пред пет години гледаат Албанците (69 %) повеќе од Македонците (51 %). Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (42 %) сметаат дека дискриминацијата е помалку зачестена во споредба со симпатизерите на ДУИ (65 %), на ДПА (66 %) и на СДСМ (59 %).

Зачестенот на дискриминација по основ на пол во поголем обем гледаат Албанците (56 %), наспроти Македонците (43 %). Тоа е исто така повеќе изразено кај симпатизерите на ДУИ (51 %) и на СДСМ (50 %) отколку кај ДПА (43 %) и ВМРО-ДПМНЕ (36 %);

Зачестеност на дискриминација по основ на сексуална ориентација гледаат симпатизерите на СДСМ (56 %), наспроти оние на ВМРО-ДПМНЕ (42 %). Процентот на одговори „не знам“ е значително поголем кај симпатизерите на ДУИ и на ДПА.

Зачестенот на дискриминација по основ на возраст гледаат симпатизерите на СДСМ (50 %) повеќе од другите. Во однос на зачестенот на дискриминација по основ на религија, Албанците (56 %) повеќе ја гледаат од Македонците (46 %). Во однос на симпатизерството кон партија, симпатизерите на ДУИ (54 %) и на СДСМ (52 %) ја гледаат повеќе споредено со оние на ДПА (41 %) и на ВМРО-ДПМНЕ (37 %);

Зачестеност на дискриминација по основ на попреченост гледаат симпатизерите на СДСМ (50 %) во поголем обем отколку кај симпатизерите на ДУИ (40 %) и ВМРО-ДПМНЕ (35 %). Кај симпатизерите на ДПА постои голем процент на неопределени, во споредба со другите групи симпатизери.

Кај зачестеноста на дискриминација по основ на партиска припадност разликата е помеѓу симпатизерите на партиите моментално во опозиција (СДСМ и ДПА со по 74 %), ДУИ (68 %) и ВМРО-ДПМНЕ (56 %).

## 1.2. Прифаќање на разликите

Слично како и во студијата во 2009 г., може да се каже дека граѓаните се чувствуваат комотно да живеат во соседство кое вклучува различни групи. На скалата од 1 до 9 испитаниците со висок просек оцениле дека би се чувствувале пријатно ако како сосед имаат припадник од некоја маргинализирана група. Исклучок од ова е нискиот просек на комоција доколку граѓаните за сосед имаат хомосексуалци.

*Табела 1.1. Колку пријатно би се чувствувале (1 до 9) ако имате:*

| | Просек | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Сосед Ром | 7,5 | 2,5 |
| Сосед инвалид | 8,1 | 2,1 |
| Сосед хомосексуалец | 4 | 3,5 |
| Друга етничка припадност | 7,7 | 2,3 |
| Друга религија | 7,8 | 2,2 |
| Друга политичка партија | 8,2 | 2 |

Во однос на прифаќањето соседи Роми, утврдено е дека жените се поспремни од мажите по ова прашање. Во однос на возраста, нивото на спремност за прифаќање расте со годините, па така секоја наредна генерација покажува повисок просек на комоција во имање Ром како сосед. Резултатите покажуваат и дека Македонците имаат поголема спремност за прифаќање на Ромите, а истото е утврдено и за оние кои не се симпатизери на ниту една политичка партија и кај жителите на урбаните средини. Испитаниците од скопскиот и од источниот регион покажуваат повисоки просеци од жителите на другите региони.

Гледајќи го степенот на прифаќање соседи со инвалидитет, резултатите покажуваат дека најмладата возрасна група има најнисок просек, односно покажува помалку толеранција отколку другите групи. Албанците покажуваат помалку спремност за нивно прифаќање отколку Македонците, а оние со повисоко образование би биле потолерантни од оние со пониско. Симпатизерите на ДУИ се поспремни за прифаќање вакви соседи отколку симпатизерите на ДПА, а слично е и помеѓу симпатизерите на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ. Градските средини се нешто поспремни за прифаќање луѓе со инвалидитет, а истото може да се каже за скопскиот и за пелагонискиот регион.

Резултатите покажуваат дека жените се поспремни да прифатат хомосексуалци за соседи од мажите. Истото може да се каже за оние помеѓу 19 и 37 години, како и за Македонците. Граѓаните со повисоко образование би биле поспремни да прифатат соседи хомосексуалци слично како симпатизерите на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, иако помеѓу нив постои одредена разлика. Граѓаните на урбаните области би покажале поголем степен на толеранција отколку граѓаните кои живеат во руралните места.

Постарите генерации се поспремни да прифатат соседи од друга етничка припадност, а истото важи и за повисоко образованите граѓани. Симпатизерите на ДУИ би биле потолерантни да прифатат соседи од друга етничка припадност отколку оние на ДПА. Разлика помеѓу симпатизерите на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ постои, но е помалку изразена. Жителите во урбаните средини би биле потолерантни по ова прашање.

Слично како и по претходното прашање, постарите генерации покажуваат повисок степен на толеранција кон соседи од друга религија, а истото важи и за повеќе образованите. Оние кои живеат во урбани средини би биле поспремни да прифатат соседи кои припаѓаат на друга религија.

Кога се работи за соседи од друга партиска припадност, жените покажуваат повисока спремност за прифаќање исто како и постарите генерации и повисоко образованите.

Испитаниците беа прашани, на скалата од 1 до 9, да оценат колку би било прифатливо на највисока избрана функција на власт да се најде припадник или припадничка на некоја од наведените групи. Резултатите покажуваат дека граѓаните имаат најмногу проблеми со тоа на власт да дојде личност со хомосексуална ориентација. За сите други категории степенот на прифатливост е далеку повисок.

*Табела 1.2. Толеранција кон избрани јавни функционери припадници на специфични групи:*

| | Просек | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Жена | 8,5 | 1,5 |
| Хомосексуалец | 3,5 | 3,3 |
| Лице со етничка припадност различна од мнозинството | 6,9 | 2,8 |
| Лице помладо од 30 години | 6,5 | 3 |
| Лице со религиска припадност разлика | 7,1 | 2,6 |
| Лице со хендикеп | 6,5 | 3,1 |

Резултатите покажуваат дека жените би биле поспремни да прифатат жена за вршител на таква функција, хомосексуалец и лице помладо од 30 години.

Прифатливоста за жена како функционер се зголемува со возраста на граѓаните, а слични резултати се појавуваат и кај прифатливоста на лице од етничко и од религиско малцинство, како и за припадници од опозициска политичка партија. Генерацијата помеѓу 19 и 26 години е поспремна од другите да прифати хомосексуалец како функционер на висока позиција.

Македонците се поспремни од Албанците да прифатат хомосексуалец и лице со попреченост како висок функционер, а обратен е случајот за прифатливоста на функционер кој доаѓа од етнички и од религиски малцинска група. Македонците се поспремни да прифатат лице постаро од 75 години за висок функционер.

Граѓаните со повисоко образование полесно би прифатиле како функционер да биде избран хомосексуалец, лице од малцинска етничка или религиска група, лице со инвалидитет или некој кој е постар од 75 години. Помалку образованите полесно би прифатиле лице помладо од 30 години да биде избрано за највисока функција.

Симпатизерите на СДСМ во поголем обем би прифатиле хомосексуалец како функционер. Симпатизерите на ДУИ и на ДПА се поспремни да прифатат лице од малцинска етничка и религиска група како избран функционер.

Жителите на руралните средини се помалку спремни да прифатат хомосексуалец за избран функционер. Оние кои живеат во градски средини полесно би прифатиле лице со попреченост, или припадник на опозициска партија или лице постаро од 75 години да биде избрано за нависока функција.

*Графикон 1.3. Експонираност кон други групи (во %)*




Резултатите покажуваат дека постои различна експонираност на испитаниците кон различни групи од интерес опфатени со истражувањето. Големо мнозинство од испитаниците имаат пријатели или познаници од партија со чии ставови не се согласуваат или друга етничка група. За 79,4 % од испитаниците исто така важи дека во својата социјална мрежа имаат лица од друга религија. Кај 67,6 % од испитаниците е забележано дека имаат познаници или пријатели коишто се Роми, а за 63,2 % важи дека имаат пријатели кои се со некаква форма на хендикеп. Само 8,9 % од испитаниците рекле дека имаат пријатели или познаници кои се хомосексуалци.

*Графикон 1.4. - Перцепција за припадност кон малцинство (во %):*




Во истражувањето испитаниците беа прашани дали се чувствуваат како малцинство во местото каде живеат. Резултатите покажуваат дека во најголем број од случаите, испитаниците сметаат дека се малцинство по основ на етничка и на партиска припадност. Помалку изразени се случаите каде испитаниците сметаат дека се припадници на религиско малцинство во местото каде живеат, а слично е и за оние кои сметаат дека се малцинство по однос на хендикеп. Само 3,1 % од испитаниците се изјасниле дека се чувствуваат како малцинство по однос на сексуална ориентација.

# 2. Искуства со дискриминација

Испитаниците понатаму беа прашани за нивното искуство со дискриминациско однесување, од една страна како директни жртви, од друга како сведоци на такво однесување, во последните 12 месеци.

Анализата на резултатите покажува дека 22,2 % од испитаниците се изјаснуваат дека во изминатата година биле жртва на дискриминација и малтретирање по минимум една основа од понудените.

Како најчеста причина за дискриминациско однесување, иако кај мало малцинство од испитаниците, се јавува партиската припадност (13,1 %). Најмалку, пак, истакнувана причина за дискриминација е сексуалната ориентација (0,4 %), што може да се должи на стигмата која постои околу оваа тема.

Изминатите 12 месеци како сведоци на дискриминација се нашле 30,8 % од испитаниците. Повторно партиската припадност е најчеста причина за истото.

Во однос на партиската припадност, споредено со резултатите од истражувањето во 2009 г., постои умерено намалување во однос на ова прашање (18,2 %). Сведоци, пак, на дискриминирање по основ на партиска припадност се 17,5 %, што е умерено намалено од 2009 г. (24,6 %)

*Графикон 2.1. Дали вие лично, или како сведок имате искуство со следниве форми на дискриминација (во %):*



Од оние кои лично доживеале дискриминација поради партиска припадност, две третини (62,9 %) се мажи. Половина од оние кои доживеале се Македонци (54,3 %),  39,5 % се Албанци. Во однос на преференциите кон одредени партии, од оние кои лично доживеале дискриминација, 17,6 % се симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, 12,4 % на СДСМ, 15,2 % на ДУИ и 4,3 % на ДПА.

Како сведоци на дискриминациско однесување поради партиска припадност подеднакво се нашле и македонските испитаници и албанските. Со зголемување на нивото на образование се зголемува искуството со дискриминација и како сведок и како лично доживување. Од оние кои биле во улога на сведок, 17,6 % се симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, 10,8 % на СДСМ, 9 % на ДУИ и 3,9 % на ДПА.

Етничката припадност како причина за дискриминирање е почувствувана кај 10,2 %, за разлика од 2009 г. кога 12,9 % од испитаниците истакнале дека биле дискриминирани по основа на етничката припадност. Во улога на сведок на дискриминирање по етничка основа се нашле 12,7 % од испитаниците, што е незначително помалку од состојбата во 2009 г. кога 15,2 % се нашле во ваква улога.

Од оние кои се изјасниле дека лично доживеале дискриминирање поради етничка припадност, 66,9 % се мажи, 33,1 % се жени. Гледано низ призмата на етничката припадност – 32,5 % од Македонците се почувствувале дискриминирани поради истата, наспроти 55,8 % од Албанците. Имајќи ги предвид преференциите кон одредена политичка партија, од лицата кои доживеале дискриминација, 13,6 % избрале ВМРО-ДПНЕ, 4,9 % СДСМ, 21 % ДУИ и 4,9 % ДПА. Третина од испитаниците (33,3 %) кои доживеале дискриминација се од полошкиот регион, а третина (30,2 %) се од скопскиот, во североисточниот регион 12,3 %, додека пак во југозападниот 10,5 %.

Две третини (65 %) од испитаниците кои се изјасниле дека биле сведок на дискриминациско однесување живеат во град. Низ призмата на етничката припадност, две третини (64,5 %) од оние кои биле сведок се Македонци, додека 26,6 % се Албанци.

Дискриминирање по основ на религија или уверување почувствувале незначително малцинство од испитаниците (5,6 %), додека пак 10,1 % биле сведок на такво однесување. Ова е мало зголемување во однос на резултатите од 2009 г. кога 6,5 % посведочиле такво однесување.

Од испитаниците кои доживеале дискриминација по основ на религија или уверување, 67,8 % се мажи. Третина од нив (36,7 %) се Македонци, додека повеќе од половина (55,6 %) се Албанци. Во

однос на сведочењето на дискриминација по основ на религија, 58 % се Македонци, наспроти 32,7 % Албанци. Ова покажува дека и како доживеана и како посведочена, дискриминацијата по основ на религија е детерминирана и од етничката припадност.

Полот како причина за дискриминација го почувствувале на себе 4,5 % од испитаниците, што незначително се разликува од пред 4 години кога 6,8 % од испитаниците се изјасниле дека доживеале таква дискриминација. Незначителни промени има и во однос на сведочењето на дискриминациско однесување по полова основа – 10 % и 7,9 % во 2009 г.

Од оние испитаници кои се изјасниле дека доживеале дискриминација поради полот, две третини (64,4 %) се од град. Земајќи го предвид полот, од оние кои доживеале дискриминација според пол, 60,3 % се жени, додека пак 53,4 % од оние кои доживеале ваква дискриминација се Македонци, наспроти 35,6 % Албанци. Според степенот на образование, од испитаниците кои доживеале дискриминација поради пол, малцинство (45,2 %) се со средно образование, 38,4 % се со високо и 16,4 % се со завршено основно образование. Мало малцинство (17,3 %) од оние кои доживеале дискриминација се симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, незначително малцинство (8 %) се симпатизери на СДСМ, 14,7 % на ДИУ и 1,3 % на ДПА.

Сексуалната ориентација кај 1 % од испитаниците е почувствувана како причина за дискриминација. Ваквиот резултат не се разликува од сликата добиена во 2009 г., кога 0,4 % истакнале дека се почувствувале дискриминирано поради истата. Нешто повеќе од испитаниците биле сведоци на дискриминација поради сексуалната ориентација (7 %), што е за малку зголемено од претходното истражување каде 2,9 % се изјасниле дека сведочеле за такво однесување.

Мал број од испитаниците (5,4 %) исто така биле жртви на дискриминација поради возраста. Во 2009 г. овој процент изнесувал 8,9, додека пак во улога на сведок на дискриминација поради возраст биле 9,8 %, што незначително се разликува од претходното истражување (8,7 %).

Незначителни промени има и кај испитаниците кои почувствувале дискриминација поради хендикеп (1,6 % наспроти 2,7 % во 2009 г.). Умерено зголемување е забележано кај испитаниците кои биле сведоци на дискриминација - 11,6 % наспроти 4,6 % во 2009 г.

Тоа што може да се воочи е дека во однос на сите основи за дискриминација, процентот на оние кои биле во улога на сведок на

дискриминација е поголем од оние кои биле директна жртва на такво однесување. Ваквата разлика е особено видлива кај дискриминацијата поради сексуална ориентација и инвалидитет.

Перцепцијата за тоа дали и колку е честа одредена појава на дискриминација е поврзана со личното доживување на дискриминација и сведочењето на истата, без разлика на која основа е дискриминацијата.

## 2.1. Искуство со повеќекратна дискриминација

Големо мнозинство од испитаниците (77,8 %) воопшто не доживеале лично дискриминација или пак не препознале такво однесување. Мало малцинство (12 %) доживеале дискриминација само по еден основ. Дискриминација по сите основи доживеале 0,2 % од испитаниците.

Од испитаниците кои доживеале дискриминација четвртина доживеале дискриминација по повеќе од една основа.

*Табела 2.1. Искуство со повеќекратна дискриминација (во %)*

| Повеќекратна дискриминација | | |
|---|---|---|
| | Број | % |
| По ниту еден основ | 1244 | 77,8 |
| По еден основ | 192 | 12,0 |
| По два основи | 89 | 5,6 |
| По три основи | 40 | 2,5 |
| По четири основи | 16 | 1,0 |
| По пет основи | 11 | 0,7 |
| По шест основи | 4 | 0,3 |
| По сите основи | 3 | 0,2 |
| Вкупно | 1600 | 100,0 |

# 3. Борба против дискриминацијата

Запрашани дали се согласуваат за воведување специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите лица, испитаниците во најголема мера поддржуваат вакви мерки. Ова се однесува без разлика за која област на потенцијална дискриминација станува збор. Благ пад на оваа поддршка се јавува во однос на сексуалната ориентација.

Гледано низ призмата на етничката припадност, нема разлика помеѓу поддршката за вакви мерки што би ја дале македонските или албанските испитаници, освен што постои разлика во однос на поддршката којашто ја даваат за мерките за обезбедување еднакви можности во однос на сексуалната ориентација (81,4 % од македонските испитаници наспроти 58,4 % од албанските испитаници).

Во однос на мерките за обезбедување еднакви можности за вработување, без разлика на сексуалната ориентација, постојат значајни разлики кај испитаниците во зависност од местото на живеење, кај оние од град постои поголема поддршка. Исто така женските испитаници се поспремни да поддржат вакви мерки. Со зголемување на степенот на образованието, се зголемува и прифаќањето на воведување вакви мерки.

*Графикон 3.1. Прифатливост за мерки обезбедување еднакви можности (во %)*



Третина од населението (34,2 %, кумулативно од „целосно се вложуваат“ и „доволно се вложуваат“) сметаат дека во државата се вложуваат напори за борба против сите облици на дискриминација. Сепак, незначително малцинство смета дека целосно се вложуваат напори (6,4 %), што е двојно помалку од оние кои сметаат дека воопшто не се вложуваат (14 %).

Од македонските испитаници 8,1 % сметаат дека воопшто не се вложува напор, за разлика од 31,6 % од албанското население кое смета дека воопшто не се вложува напор.

Од оние кои сметаат дека воопшто не се вложуваат напори, 61% се мажи, наспроти 39 % жени, додека, пак, 3,1 % од нив се симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, 12,6 % на СДСМ, 18,5 % на ДУИ и 7,7 % на ДПА.

*Графикон 3.2 Перцепција за степенот на вложување напори за борба против дискриминација*

**Дали би можеле да кажете дека во Република Македонија се вложуват напори за борба против сите облици на дискриминација?**




Анализата на одговорите на ова прашање покажува дека оние кои сметаат дека не се вложуваат доволно напори за искоренување на дискриминацијата (кумулативно „целосно се вложуваат“ и „доволно се вложуваат“) истовремено сметаат дека појавата на дискриминација е честа (кумулативно „прилично честа“ и „многу честа“), без разлика на која основа е дискриминацијата.

Истата опсервација може да се направи доколку се споредат одговорите на оние кои лично доживеале дискриминација и оние кои биле сведоци на дискриминациско однесување со перцепцијата за мерки против дискриминација. Оние кои доживеале или сведочеле дискриминација многу помалку сметаат дека се презема борба против истата.

# 4. Познавање на правата

Анализата на одговорите на прашањето дали испитаниците ги знаат своите права во случај на дискриминација покажува дека повеќе од половина од испитаниците (55,7 %) сметаат дека се запознаени со правата во однос на дискриминација. Сепак скоро половина од испитаниците (41,2 %) сметаат дека не ги знаат.

Земајќи ја предвид социодемографската структура, етничките Албанци повеќе од етничките Македонци сметаат дека ги познаваат правата (64,9 % од Албанците, наспроти 53,6 % од Македонците). Со зголемување на степенот на образованието, исто така се забележува дека расте свесноста за правата (42,2 % од оние со основно образование сметаат дека ги познаваат, 54,8 % од оние со средно и 65,5 % од оние со високо образование).

*Графикон 4.1. Познавање на правата за заштита од дискриминација (во %)*



Земајќи го предвид искуството на испитаниците со дискриминација, без разлика дали како директна жртва или како сведок, оние кои имале искуство во поголем процент се изјаснуваат дека ги знаат своите права. Ваквата слика е различна само кај оние кои доживеале или сведочеле дискриминација по основ на сексуалната определба, каде што тие кои имале искуство со овој вид дискриминација помалку се информирани за правата. Сепак кон оваа информација треба да се пристапи внимателно, поради тоа што ова се прегледи добиени на многу мал број испитаници (низок процент на оние кои доживеале или сведочеле дискриминација по основ на сексуалната ориентација).

Запрашани дали би побарале заштита од релевантни институции и организации во случај да се жртва на дискриминација, големо мнозинство (80,9 %) од испитаниците се изјаснуваат дека би побарале.

Нешто повеќе од мажите не би одбрале да побараат заштита (16,9 %), наспроти 12 % од жените кои не би побарале заштита. Сепак оваа разлика не е значајна. Гледано низ призмата на етничка припадност, не постојат разлики во оваа одлука. Забележливо е дека со зголемување на степенот на образованието, одлуката да се побара заштита се намалува (80,5 % од оние со основно образование би побарале заштита, 82,6 % од оние со средно и 78 % од оние со високо).

*Графикон 4.2. Спремност да се побара заштита во случај на дискриминација (во %)*



Без разлика дали ги познаваат своите права, во случај на дискриминација мнозинство од испитаниците би побарале заштита од некоја институција/ организација – 84,1 % од оние кои си ги познаваат правата и 77,4 % од оние кои не ги познаваат правата.

На крајот испитаниците беа прашани каде би се обратиле за да побараат заштита во случај на дискриминација.

Како првоспомената институција или организација во најголем број случаи се појавува полицијата (24,8 %). Комисијата за заштита од дискриминација како првоспомената институција се јавува во 8 %. Како првоспомената опција на трето место е Народниот правобранител (7,35 %).

Индикативно е што дури третина од испитаниците (33,4 %) не знаат да одговорат на ова прашање.

Судот како институција за заштита од дискриминација како првоспомената опција се појавува значително повеќе кај албанските испитаници (12,6 %), наспроти 3,3 % од Македонците. На народниот правобранител, како прво споменатаопција, би му се обратиле 5,6 % од македонското население, за разлика од 11,9 % од албанското население.

*Графикон 4.3. Институции каде би се обратиле за помош (во %)*



Половина од испитаниците понатаму понудиле уште минимум една институција/ организација каде би се обратиле.

Анализата на одговорите понатаму покажува дека покрај првоспомената институција, 18,8 % од испитаниците би го избрале судот како опција за барање заштита. Полицијата, понатаму, би ја одбрале 13,2 %, Комисијата за заштита од дискриминација 12,4 %. Исто толкав процент (12 %) би се обратиле и до некоја граѓанска организација.

# ЗАКЛУЧОЦИ

## Перцепции за дискриминација

Гледано споредбено  со истражувањето во 2009-тата година, перцепцијата дека дискриминација постои е пораширена од перцепцијата дека таа отсуствува. Дискриминацијата според партиска и етничка припадност се најраширените форми и ја отсликуваат состојбата во општеството во која по овие две прашања се „класификува“ населението во секојдневниот живот.

Се чини дека придобивка на дебатата околу дискриминацијата е подигнувањето на свеста околу оваа пракса врз луѓето со нехетеросексуална ориентација. Споредено со претходното истражување, перцепцијата дека дискриминација по овој основ постои е зголемена. Меѓутоа, останатите резултати покажуваат дека не е дојдено до поголема чувствителност за овој проблем, туку само постои поголема свест за постоењето на праксата. Во таа смисла, потребна е поголема работа на тоа поле од страна на надлежните институции, во соработка со заинтересираните организации на граѓанското општество.

Уште една потврда за зачестената дискриминација по основ на партиска и етничка припадност се резултатите на прашањето дали праксата е зачестена во споредба со ситуацијата од пред пет години. За овие две форми на дискриминација перцепциите се дека се најмногу зачестени, додека за другите форми на дискриминација таквото мислење е помалку изразени. Според јавното мислење, дискриминацијата по основ на пол и хендикеп е намалена во однос на состојбата пред пет години.

Ова се индикатори кои покажуваат дека надлежните институции треба пошироко да ја толкуваат и да се справуваат со различните форми на дискриминација. Перцепцијата за широката распространетост на дискриминација според припадност на партија укажува на состојба во која граѓаните, без разлика дали се жртви или сведоци, ја антиципираат или пак знаат за неа од нивната поширока социјална мрежа. Справување со овој облик, особено затоа што не е често претпоставена во самиот поим за дискриминација, би можело да биде резултат на проактивно дејствување кое ќе биде чувствително на тоа што покажуваат индикаторите од испитувањата.

## Прифаќање на разликите

За голем дел од облиците на дискриминација резултатите сугерираат дека граѓаните се релативно толерантни кон живеење во соседство со припадници на различни групи. На резултатите треба да се гледа претпазливо бидејќи социјалната пожелност за толерантен одговор има влијание. Според резултатите, граѓаните се најмногу толерантни за живеење во соседство со луѓе со хендикеп или припадници на различна политичка партија.

Сепак, граѓаните покажуваат ниска толеранција кон соседи кои би биле со нехетеросексуална ориентација. Резултатот по прашањето за оваа група значително се разликува од останатите, релативно високи резултати. Токму овој резултат го потврдува заклучокот дека зголемената перцепција за оваа дискриминација не е резултат на чувствителност на граѓаните, туку на информираност, поради зачестеното покривање на ова прашање во медиумите.

Еден од знаците на толеранција е и прифатливоста член на некоја различна група да е носител на висока избрана функција. Слично како и на претходната тема, за граѓаните најмалку е прифатливо тоа да е припадник или припадничка со нехетеросексуална ориентација.

Очигледно е дека е потребно повеќе работа на ова поле за да може припадниците на овие групи полесно да се интегрираат во соседствата во кои живеат.

За другите категории граѓаните покажуваат повисоко ниво на прифатливост. Како и претходно, резултатите се подложни на социјално пожелен одговор, меѓутоа може да се каже дека граѓаните се поспремни да прифатат или гласаат за жена, како и лица припадници на различни етнички и религиозни групи, како и лица со хендикеп.

## Искуства со дискриминација

Истражувањето покажува дека петтина од испитаниците доживеале дискриминација, додека пак третина биле сведоци на дискриминација кон трето лице. Добиените резултати сепак не ја одразуваат реалната состојба со дискриминација во земјата, имајќи предвид дека населението во Р. Македонија сѐ уште не е доволно чувствително во насока да го препознава истото.

Припадноста кон одредена политичка партија повторно се искачува на врвот како најголем фактор за дискриминација.

Оние кои препознале дека кон нив или кон трето лице е постапено

дискриминирачки се истите оние кои сметаат дека во земјата постои повисоко ниво на дискриминација.

Забележливо е дека искуството со одредени типови дискриминација е во врска со одредени социодемографски аспекти.

## Борба против дискриминацијата

Најголем број од испитаниците декларативно се за поддршка на мерки за обезбедување еднакви права при вработување. Тоа што загрижува е падот во однос на поддршката кога станува збор за мерки за обезбедување еднакви права при вработување, имајќи ја предвид сексуалната ориентација. Низ целото истражување се покажа дека сексуалната ориентација е сè уште табу-тема и луѓето со различна сексуална ориентација се стигматизирани.

Две третини од испитаниците не препознаваат доволно преземање мерки во борбата против дискриминацијата. Од добиените податоци може да се види дека повторно оние кои сметаат дека постои поголемо ниво на дискриминација и оние кои имале искуство со истата, повеќе се наклонети да сметаат дека преземањето мерки за борба против дискриминацијата се недоволни.

## Познавање на правата

Загрижувачки е фактот дека скоро половина од испитаниците не ги знаат своите права во случај на дискриминација и не се свесни за механизмите за заштита од истата. Познавањето на правата расте со зголемување на степенот на образованието. Но уште повпечатливо е што повеќе од половина се декларираат дека ги познаваат. Кон овој податок треба внимателно да се пристапи, имајќи предвид дека е можно одговорите да биле социјално пожелни. Само неколку прашања понатаму добиваме слика што е во спротивставеност на оваа бројка – третина од испитаниците не знаат каде да се обратат во случај на дискриминација, а четвртина би ѝ се обратиле првично на полицијата. Втор по ред орган каде би се обратиле е Комисијата за заштита од дискриминација, потоа следува Народниот правобранител, па судот.

Македонија, која е земја со мултукултурен контекст, сè уште се бори со прифаќање на разликите и шареноликоста на општеството. Сè уште одредени групи живеат изолирани од другите, како што е ситуацијата со Ромите, сè уште се стигматизираат како девијантни одредени животни стилови, како што е сексуалната ориентација. Дискриминацијата и правата на граѓанинот се само декларативно познати за населението, одговорите во истражувањето се социјално пожелни, спротивни со

тоа што го покажува теренот. Во таа насока е потребно развивање програми кои ќе го стимулираат прифаќањето на разликите, а наедно и зголемување на чувствителноста за знаците дека постои ограничувања на нечии права на основ на таквите разлики. Заштитните механизми кои стојат на располагање треба да се засилат и наедно преку разни кампањи да се доближат до населението.

Имајќи предвид дека полицијата е примарниот избор за поддршка во случај на дискриминација, од особена важност е вмрежување на полицијата со Комисијата за заштита од дискриминација, со судот и со сите вклучени страни, со цел полесно справување со случаите на дискриминација и поголем увид и контрола над реалната ситуација со дискриминацијата во земјата.

# ПРИЛОЗИ

## Прашалник

*(се чита пред почетокот на интервјуто)*

Прашањата кои следуваат се однесуваат на темата дискриминација.

Под дискриминација се подразбира нееднаков третман на луѓето, односно поинакво постапување со луѓето само затоа што се женски или машки, припадници на определена етничка група или заедница, имаат определена вероисповед, се хендикепирани и слично. Нееднаквиот третман може да биде видлив, како на пример кога намерно се објавува оглас за работа во кој се наведува дека се бараат работници од одредена етничка група или само машки. Исто така нееднаквиот третман може да биде прикриен, како на пример кога би се одржувало тестирање за работа на религиозен празник заради што нема да можат да присуствуваат припадници на една вероисповед.

**П1.** ***Би можеле ли да ми кажете што мислите, колку е честа секоја од наведениве форми на дискриминација во Република Македонија? Дискриминација врз основа на...***

| Не постои (1) | Многу ретка (2) | Прилично ретка (3) | Прилично честа (4) | Многу честа (5) | Не знам (9) |
|---|---|---|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Етничка припадност | |
| Пол | |
| Сексуална ориентација(на пр. хомосексуалност) | |
| Возраст | |
| Религија или уверување | |
| Хендикеп (ментална и телесна попреченост) | |
| Партиска припадност | |

**П2.** ***Ако ја споредите сегашната ситуација со ситуацијата од пред 5 години, дали би рекле дека следниве форми на дискриминација се почести или поретки во Република Македонија? Дискриминација врз основа на...***

| Многу поретка (1) | Доста поретка (2) | Доста почеста (3) | Многу почеста (4) | Не знам (9) |
|---|---|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Етничка припадност | |
| Пол | |
| Сексуална ориентација (на пр. хомосексуалност) | |
| Возраст | |
| Религија или уверување | |
| Хендикеп (ментална и телесна попреченост) | |
| Партиска припадност | |

**П3.** ***Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани или малтретирани или сте биле сведок кога некој бил дискриминиран или малтретиран по една или повеќе од следниве основи? Дали сте биле дискриминирани врз основа на...? Ве молам да ги наведетесите основи кои сметате дека се релевантни.***

| | | |
|---|---|---|
| Да, лично (1) | Да, сум бил сведок (2) | Ниту едно (3) |

| | |
|---|---|
| Етничка припадност | |
| Пол | |
| Сексуална ориентација | |
| Возраст | |
| Религија или уверување | |
| Хендикеп (ментална и телесна попреченост) | |
| Партиска припадност | |
| Не сте биле дискиминирани | |
| Другапричина (запиши) | |

**П4.** ***Користејќи ја скалата од 1 до 9, би можеле ли да ми кажете како лично Вие би се чувствувале во секоја од наведениве ситуации? На скалата „1" значи дека се чувствувате „многу непријатно", а „9" значи дека се чувствувате „сосема пријатно" во таа ситуација.***

| Многу непријатно | | | | Сосема пријатно | | | | | Индиферентно (не се чита) | Не знам (не се чита) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 99 |

| | |
|---|---|
| Доколку имате сосед што е: | |
| Ром | |
| Хендикепиран | |
| Хомосексуалец(„геј" или лезбијка) | |
| Друга етничка припадност,различна од вашата | |
| Друга религија или уверување, различни од вашите | |
| Припадник или симпатизер на друга политичкапартија, различна од онаашто вие ја симпатизирате или во која членувате | |

## П5. *Дали имате другари или познаници кои се...?*

| Да (1) | Не (2) | Не знам (3) |
|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Припадници на друга етничка заедница | |
| Роми | |
| Хомосексуалци | |
| Лица со хендикеп | |
| Лица со поинаква религија или уверување од вашата | |
| Припадници на политичка партија со чии ставови не се согласувате | |

## П6. *Дали сметате дека во вашето место на живеење припаѓате на нешто од следново? Ве молам да ги наведете сите кои сметате дека се релевантни.*

| Да (1) | Не (2) | Не знам(3) |
|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Етничко малцинство | |
| Малцинство по однос на религиската припадност | |
| Сексуално малцинство | |
| Малцинство во однос на инвалидност/ хендикеп | |
| Малцинство во однос на партиска припадност или партиско симпатизирање | |
| Ниедно од наведените | |
| Друга малцинска група (запиши)______________________ | |
| Не знам (НЕ СЕ ЧИТА) | |

**П7.** ***Користејќи ја скалата од 1 до 9, би можеле ли да ми кажете како би се чувствувале доколку некој од следниве категории на лица е носител на највисоката избрана позиција на власт во Република Македонија?***

| Многу непријатно | | | | | | | | Сосема пријатно | Индиферентно (не се чита) | Не знам (не се чита) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 99 |

| | |
|---|---|
| Жена | |
| Хомосексуалец(маж „геј“ или жена лезбијка) | |
| Лице со етничка припадностразлична од мнозинството | |
| Лице помладо од 30 години | |
| Лице со религискаприпадност различна одмнозинството | |
| Лице со хендикеп (ментална или телесна попреченост) | |
| Лице од политичка партијашто не учествува во власта | |
| Лице постаро од 75 години | |

**П8.** ***Дали би се согласиле или би биле против воведувањето специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите лица? На пример, вакви мерки се: специјални програми за обука или квота за системи за вработување на луѓе базирано на нивната...***

| Сосема се согласувам (1) | Делумно се согласувам (2) | Ниту се соглас. ниту не се соглас. (3) | Делумно сум против (4) | Сосемасум против (5) | Не знам (9) |
|---|---|---|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Етничка припадност | |
| Пол | |
| Возраст | |
| Религија или уверување | |
| Хендикеп (ментална или телесна попреченост) | |
| Сексуална ориентација | |
| Партиска припадност | |

## **П9.** ***Општо земено, дали би можеле да кажете дека во Република Македонија се вложуват напори за борба против сите облици на дискриминација?***

| САМО ЕДЕН ОДГОВОР | |
|---|---|
| Целосно се вложуваат | 1 |
| Доволно се вложуваат | 2 |
| Недоволно се вложуваат напори | 3 |
| Воопшто не се вложуваат напори | 4 |
| Не знам(НЕ СЕ ЧИТА) | 9 |

## **П10.** ***Дали знаете кои се вашите права во случај да сте жртва на дискриминација?***

| ПРОЧИТАЈТЕ | |
|---|---|
| Да | 1 |
| Не | 2 |
| Друго (запиши) ______________________________ | 3 |
| | |
| Не знам(НЕ СЕ ЧИТА) | 9 |

## **П11.** ***Доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување, дали ќе побарате заштита од релевантните институции, организации?***

1. Не
2. Да

9. Не знам/ одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА)

**П12.** ***Каде ќе се обратите за да побарате заштита? А на кое друго место? А друго?***

***НЕ ГИ ЧИТАЈ ОДГОВОРИТЕ***

| | | П12а Првоспоменат | П12b Други |
|---|---|---|---|
| 1 | Суд | | |
| 2 | Полиција | | |
| 3 | Народен правобранител | | |
| 4 | Комисија за заштита од дискриминација | | |
| 5 | Адвокат | | |
| 6 | Синдикат | | |
| 7 | Граѓанска организација | | |
| 8 | Друго (запишете) | | |
| 9 | Не знам/ одбива да одговори (НЕ СЕ ЧИТА) | | |

## Примерок

Примерокот опфати 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 50 |
| Жена | 50 |
| **Возраст** | **%** |
| 15-18 години | 6,8 |
| 19-26 години | 15,4 |
| 27-37 години | 20,9 |
| 38-54години | 29,8 |
| 55-64 години | 14,8 |
| Над 65 години | 12,3 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 69,1 |
| Албанец/ка | 24,8 |
| Турчин/ка | 1,4 |
| Ром/ка | 1,1 |
| Србин/ка | 1,5 |
| Влав/инка | 0,6 |
| Друго | 1,5 |
| **Образование** | **%** |
| Основно | 17,7 |
| Средно | 53,3 |
| Вишо/ високо | 29 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 37,9 |
| Урбано (град) | 62,1 |
| **На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)?** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 22,4 |
| СДСМ | 11 |
| ДУИ | 8,6 |
| ДПА | 2,5 |
| Други | 6,6 |
| Не сум симпатизер на ниту една | 48,9 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 29,1 |
| Југоисточен | 8,9 |
| Источен | 9 |
| Североисточен | 8,9 |
| Вардарски | 7,1 |
| Југозападен | 10 |
| Полошки | 16 |
| Пелагониски | 10,9 |

# Профил на МЦМС

МЦМС веќе 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите на социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе 1.578 проекти со вкупен буџет од над 50 милиони евра.

Повеќе информации за МЦМС: www.mcms.mk.

# Продолжи со читање

## Листа на публикации на МЦМС

http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

## Библиографија

Кржаловски А. (2010) **Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност** [интернет].Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Адреса: <http://www.mcms.mk/images/docs/2011/diskriminacija-na-etnicka-osnova-2011.pdf>

Бешка-Петроска В., Најческа М. (2009) **Барометар на еднакви можности** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Адреса: <http://www.mcms.mk/images/docs/2009/barometar-za-ednakvi-moznosti-mcms-2009.pdf>

Најчевска М., Кадриу Б. (2008) **Поимник на изрази поврзани со дискриминацијата** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Адреса: http://www.mcms.mk/images/docs/2008/poimnik-na-izrazi-povrzani-so-diskriminacijata-2008.pdf

## Како да се референцира

Поповиќ, М., Михаиловска Ј. (2013) Барометар за еднакви можности – 2013 [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Адреса: <http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/1542-barometar-za-ednakvi-mozhnosti.html> [Посетена на: датум и година].

CIP- Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.647.82(497.7)"2013"(047)

МИХАИЛОВСКА, Јасмина
Барометар за еднакви можности / [автори Јасмина Михаиловска, Миша Поповиќ].- Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2014.- 48 стр. : илустр. ; 21 см

Библиографија: стр. 48.- Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4681-22-9
1. Поповиќ, Миша [автор]
а) Дискриминација- Македонија- 2013- Извештаи
COBISS.MK-ID 95947018

